Ревизијата на успешност е активност спроведена со цел да ги оцени ризиците и да ги утврди можностите за подобрување на планирањето, управувањето, користењето и заштитата на рибите во риболовните води по пат на концесија.
Од прелиминарните истражувања кои претходно ги извршивме како и откриените ризични подрачја во областа, произлезе потребата да спроведеме ревизија на успешност со наслов:

**"Ефикасност во вршењето на работите и услугите од доделените концесии во областа рибарство во Република Македонија,"** со цел да одговориме на прашањето:

**"Дали во Република Македонија стопанисувањето со рибниот фонд по пат на концесија овозможува заштита, користење, управување и планска експлоатација на одржлив начин?"**

Подрачјата кои покажаа ризици во извршените прелиминарни истражувања и кои и понатаму беа предмет на вршење на ревизијата на успешност групирани се во две области и тоа:

1. **Структура на политики и начин на примена на законската регулатива поврзана со доделување концесии во рибарството.**
2. **Договори за концесија на рибниот фонд за стопански, спортски и рекреативен риболов.**

**1. Структура на политики и начин на примена на законската регулатива поврзана со доделување концесии во рибарството;**

Кај ризичното подрачје кое се однесува на структура на политики и начин на примена на законска регулатива поврзана со доделување концесии во рибарството се насочивме на институционалната и организациона поставеност на институциите задолжени за надзор над начинот на извршување на концесијата, како и мерките кои треба да се преземат заради заштита, користење, управување и планска експлоатација и целокупната законска регулатива поврзана со концесиите во рибарството.

**1.1. Ревизијата констатира дека е склучен Анекс кон основниот договор за концесија на рибниот фонд од акумулација Тиквеш ,Тиквешко езеро, Кавадарци, без навремено донесување на риболовна основа, без постоење на иницијатива/одлука за негово склучување од страна на Владата на РМ (концедент) и без преземање на навремени активности за спроведување на постапки за доделување на концесија за стопански и рекреативен риболов и склучување на нов договор за концесија на начин како што е уредено во Законот за рибарство и аквакултура;**

На ден 05.07.2005 година склучен е договор за концесија на рибниот фонд од акумулација Тиквеш,Тиквешко езеро, Кавадарци со времетраење од пет години сметано од денот на склучување и взаемно потпишување. Договорот е потпишан од страна на министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство по овластување во име на Владата на РМ.

Пред истекот на важноста на основниот договор, на ден 28.06.2010 година склучен е Анекс за изменување на основниот договор. Анексот е склучен од страна на министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, со кој се уредува дека се продолжува концесијата на дотогашниот концесионер до избор на нов концесионер.

Во текот на 2010 година, односно по престанувањето на важноста на основниот договор, Владата на РМ донела Одлуки за распишување на јавен конкурс за давање на концесија за стопански и рекреативен риболов на рибите од риболовната зона на вештачкото езеро - Акумулација Тиквешко езеро. Врз основа на донесените одлуки, спроведени се постапки со објавување на Јавни конкурси од страна на МЗШВ. Овие постапки за workers доделување на концесија со Одлуки донесени од страна на Владата на РМ, биле прекинати. Причината за прекин на постапките, наведена и во двете одлуки е поради тоа што отпаднала потребата од спроведување на постапките, како резултат на околности кои не биле познати, ниту можело да бидат познати во моментот на донесување на Одлуките за започнување на постапките.

Извршен е надзор од страна на ДИЗ над спроведувањето на начинот на вршење на концесијата во 2009, 2010 и 2011 година, без констатирани неправилности во начинот на вршење на концесијата од страна на концесионерот.

Имајќи ги во предвид одредбите од Законот за рибарство и аквакултура, како посебен закон од областа на концесиите, со истите не се уредува начинот и постапката на склучување на анекси кон договорите.

Со членот 78 од Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство ( „Сл.весник на РМ“ број 7/08, 139/08, 64/09 и 52/10) и член 41 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл.весник на РМ“ број 6/12 ) е уредено дека анекс кон договорот го склучува органот кој го претставува концедентот по договорот за концесија, но истиот може да се склучи само по иницијатива на концедентот во случаи уредени со членот од законот.

Од увидот извршен во горенаведената документацијата која произлегува од доделената концесија на рибниот фонд од акумулација Тиквеш (Тиквешко езеро) Кавадарци, ревизијата го констатира следното:

- анексот на договор е склучен врз основа на одредбата од договорот за концесија со која се уредува дека концесионерот на писмено се обврзува да го известува концедентот за дејствијата и појавите кои го

оневозможуваат редовното вршење на концесиска дејност, не земајќи ја во предвид одредбата од договорот со која е уредено дека измени и дополнувања на договорот се вршат со анекс и тоа во постапка како и негово склучување;

- анексот кон договорот за концесија е склучен без спроведување на постапка како за склучувањето на договор за концесија и без иницијатива од страна на концедентот (Владата на РМ);
- постапките за доделување концесија спроведени од страна на МЗШВ по Одлуките за распишување на јавен конкурс за давање на концесија донесени од Владата на РМ, се спроведени по истекот на важноста на основниот договор и по склучувањето на анекс кон основниот договор за концесија (месец јули 2010 година);
- по донесените одлуки во 2010 година со кои се прекинуваат постапките за доделување на концесии, во текот на 2011 и 2012 година не е направен обид за повторно спроведување на постапка за доделување на концесија;
- риболовната основа за риболовната вода Акумулација Тиквешко езеро за прв пат е објавена во „Сл. Весник на РМ " број 148 од 26.11.2012 година со временска важност од 2013-2018 година.

Врз основа на горе наведеното произлегува дека склучувањето на анекс договор без навремено донесување на риболовна основа, без постоење на иницијатива/одлука за негово склучување од страна на Владата на РМ (концедент) и без превземање на навремени активности за спроведување на постапки за доделување на концесија за стопански и рекреативен риболов и склучување на нов договор за концесија, предизвикува можност од не еднаков пристап и дискриминација, нетранспарентност во доделувањето на договорите за концесија, што има влијание врз квалитетното и ефикасно вршење на работите и услугите од доделената концесија.

**1.2. Со ревизијата е констатирано дека Одлуката за распишување на јавен конкурс за давање на концесија за стопански риболов на риболовната зона од регулациониот објект на ХЕЦ Глобочица кај црквата "Света Петка" до местото викано Дивљак – Струга на објектот Дaљан - Струга[1] е објавена на ден 12.12.2008 година, Одлуката за давање на концесија за стопански риболов на истата е донесена на 12.04.2011 година, а договорот за концесија е потпишан на 01.11.2011 година, односно спроврдувањето на целокупната постапка за концесија траела три години.**

Од 1965 година со изградба на браната на реката Црн Дрим природниот пат на јагулата е прекинат со што физички миграцијата во и надвор од езерото е

[1] Даљан е вештачка преграда на одреден водотек и служи исклучиво за лов на јагули;

оневозможена, а порибувањето се врши со подмладок од јагули уловени на други места во Европа[2].

Риболовот на јагула на објектот Даљан Струга како специфика е уреден во членот 24 од Законот за рибарство и аквакултура. Во истиот е утврдено дека стопански риболов се врши и во објектот Даљан Струга за лов на риба – јагула и тоа од регулациониот објект на ХЕЦ Глобочица кај црквата "Света Петка " до местото викано Дивљак – Струга.

Врз основа на ваквото законско решение донесена е Одлука за распишување на јавен конкурс за давање на концесија за стопански риболов на риболовната зона од регулациониот објект на ХЕЦ Глобочица кај црквата "Света Петка " до местото викано Дивљак - Струга на објектот Даљан – Струга. Одлуката е донесена на 02.12. 2008 година, а Одлуката за давање на концесија за стопански риболов на риболовната зона на објектот Даљан – Струга е донесена на 12.04.2011 година. Според одлуката, почеток на концесијата се смета денот на потпишување на Договорот за концесија. Договорот за концесија е потпишан на ден 01.11.2011 година.

Целокупната постапка за давање на концесија е со задоцнување и тоа:

- Одлуката за давање на концесија е со задоцнување од две години и пет месеци од датумот на објавување на Одлуката за распишување на јавен конкурс. Одлуката за распишување на конкурс е донесена на 02.12.2008 година, а Одлуката за давање на концесија на стопански риболов е донесена на 12.04.2011 година.

- Договорот за давање на концесија е потпишан на 01.11.2011 година, односно со задоцнување од седум месеци по донесување на Одлуката за давање на концесија за стопански риболов на риболовната зона од регулациониот објект на ХЕЦ Глобочица кај црквата „Света Петка" до местото викано Дивљак-Струга на објектот Даљан Струга.

Ненавременото донесување на Одлуката за давање на концесија за стопански риболов на риболовната зона од регулациониот објект на ХЕЦ Глобочица кај црквата „Света Петка" до местото викано Дивљак-Струга на објектот Даљан Струга и ненавременото потпишување на договорот за концесија создава ризик од бесправно користење и лов на рибата јагула од Даљанот и дава можност поедини правни и физички лица да вршат излов и продажба на нелегален начин без да уплатат парични средства во Буџетот на РМ, да искажат приход по тој основ и да исполнат даночни обврски спрема државата.

[2] Податокот е од Програмата за унапредување на рибарството и аквакултура за период 2013-2024 година („Сл.весник на РМ" број 46/12)

**1.3. Заштитата на рибите е збир на мерки кои се спроведуваат заради зачувување и одржување на условите за долгорочно и одржливо користење на рибите која претставува и цел на Законот за рибарство и аквакултура. Приоритетната задача на концесионерите е да воспостават рибочуварска служба преку рибочувари кои се службени лица стручно оспособени и овластени за заштита на рибите, која не секогаш се извршува.**

Заради непосредна физичка заштита на рибниот фонд во риболовните води концесионерите се должни да организираат рибочуварска служба. Оваа должност е уредена со член 86 од Законот за рибарство и аквакултура и со договорите за концесии. ДИЗ врши инспекциски надзор над спроведување на одредбите од овој закон и спроведувањето на концесијата од страна на концесиоенрите која обврска е наведена со член 107 од Законот за рибарство и аквакултура и одредбите од договорите за концесија.

Со увид во Годишни информации на ДИЗ за 2009, 2010 и 2011 година за активностите и мерките кои ги имаат превземено при спроведување на надзор над прописите од областа на рибарството и аквакултурата, ревизијата констатира дека надзор за воспоставување на рибочуварска служба од страна на концесионерите е спроведен само во 2010 година. Од вкупно 33 концесионери, кај 5 концесионери не е извршен надзор, а во останатите 28 концесионери рибочуварската служба волонтерски е вршена кај 6 концесионери, а рибочуварска служба воопшто не е организирана кај 6 концесионери.

Ваквата состојба на извршување на обврските од договорите без воспоставување на рибочуварска служба од страна на концесионерите, влијае на заштита и зачувување на рибниот фонд заради трајно користење преку нивен одржлив развој.

## 2. Договори за концесија на рибниот фонд за стопански, спортски и рекреативен риболов

Кај ризичното подрачје договори за концесија на рибниот фонд за стопански, спортски и рекреативен риболов се насочивме на почитувањето на обврските на концесионерите кои произлегуваат од договорот, спроведувањето на задолжителните мерки утврдени со рецензиран петгодишен план и риболовните основи и уплатата на концесискиот надоместок.

**2.1. Ревизијата констатира дека иако инспекцискиот надзор е обврска согласно одредбите од договорите за концесија, истиот нецелосно е вршен од страна на ДИЗ во текот на 2009, 2010 и 2011 година, бидејќи има концесионери кај кој не е извршен надзор.**

Врз основа на склучените договори за концесија на рибниот фонд, концесионерите заради обавување на концесиската дејност потребно е да превземат одредени обврски специфицирани во одредба од договорот за концесија. Исто така, со договорот за концесија е уредено дека надзор над спроведувањето на концесијата врши МЗШВ - Државниот инспекторат за земјоделство.

Со увид во Годишните информации за 2009, 2010 и 2011 година изработени од страна на ДИЗ, ревизијата го констатира следното:

– во 2009 година, не е извршен надзор кај 4 концесионери во делот на издадени легитимации за рекреативен риболов и кај 13 концесионери во делот на извршено порибување и
– во 2010 година, не е извршен надзор кај еден концесионер во делот на задолжени и продадени дозволи и издадени легитимации, а кај 9 концесионери во делот на извршено порибување каде што има концесија и кај 11 концесионери во делот на уловена риба.

Нецелосното извршување на надзорот од страна на ДИЗ како обврска која произлегува од договорот придонесува да не се има увид во извршување на обврските утврдени во договорите за концесија на концесионерите и може да има влијание врз трајното користење на рибниот фонд преку одржлив развој за стопански, рекреативен и спортски риболов, планирање и управување со истиот заради зачувување и заштита во риболовните води.

2.2. **При вршењето на надзорот кај концесионерите кои биле предмет на надзорот, во односните години, констатирани се одредени состојби кои произлегуваат од обврските на концесионерите по договорите за концесија, во смисла да одредени обврски воопшто не се исполнети, а одредени обврски делумно се исполнети или спротивно на превземените обврски од договорите од страна на концесионерите.**

Од извршените контроли над исполнувањето на обврските по договорите за концесија, ревизијата за следните обврски констатира и тоа:

- ***поднесување рецензиран петгодишен план, како и годишна програма заради давање на согласност од МЗШВ, како и поднесување извештај за реализација на петгодишниот план и годишната програма до МЗШВ од страна на концесионерите.***

Со увид во документацијата, инспекторите имаат извршено надзор само во 2010 година при што е констатирано дека од вкупно 33 концесионери, надзор не е извршен кај 5 концесионери, а таму кај што е извршен надзорот,

2 концесионери немаат поднесено годишна програма за 2010 година и годишен извештај за 2009 година;

- ***вршење годишен лов на риби не поголем од количините предвидени во годишната програма.***

Со увид во документацијата, инспекторите имаат извршено надзор во сите години. Од вкупно 33 концесионери, во 2010 година, надзор не е извршен кај 20 концесионери.

- ***порибување, согласно петгодишен план и годишната програма.***

Со увид во документацијата, од извршениот надзор во 2009 година од вкупно 33 концесионери, 13 концесионери имаат извршено порибувањето со вкупно 9.174 кг разни видови риба, додека 20 концесионери немаат извршено порибување. Во 2010 година 19 концесионери имаат извршено порибување со вкупно 1.764 кг. разни видови риба, а 14 концесионери немаат извршено порибување.

- ***употреба или ограничување во употребата риболовни средства согласно Наредбата за видовите на риболовни средства што можат да се употребат за вршење на спортски риболов, ограничувањето на употребата на одделни видови риболовни средства за спортски риболов.***

Инспекторите имаат извршено надзор во 2009, 2010 и 2011 година, при што ревизијата констатира дека во 2009 година одземени се вкупен број 5.207 риболовен алат, опрема, средства и чамци, во 2010 година вкупен број 4151 риболовен алат, опрема, средства и чамци и во 2011 година вкупен број 1226 риболовен алат, опрема, средства и чамци;

Покрај Годишните информации за активностите и превземените мерки на ДИЗ по Законот за рибарство и аквакултура во последните три години 2009, 2010 и 2011 година, ревизијата ги имаше во предвид информациите доставени од нивна страна до МЗШВ крајот на 2007 и почетокот на 2008 година, со предлог за раскинување на договорите за концесијата само на 4 концесионери поради користење на рибниот фонд спротивно на превземените обврски од договорот за концесија и тоа за риболовното подрачје Преспанско езеро, Акумулациите Турија и Водоча Струмица, Калиманци Кочани и Мантово Радовиш, иако согласно годишните информации инспекторатот има констатирано неправилности и кај други концесионери.

Од горенаведеното произлегува дека во 2009, 2010 и 2011 година иако е вршен надзор од страна на инспекторите не е извршен надзор или е недоволно извршен надзорот над спроведувањето на концесиската дејност кај сите

концесионери иако е тоа обврска по договорите за концесија. Ваквата состојба се должи на недоволната кадровска и техничка опременост.

Горенаведените состојби влијаат на оневозможување трајно користење на рибите преку одржлив развој за стопански, рекреативен и спортски риболов, планирање и управување со рибите заради зачувување и заштита на рибите во риболовните води.

**Ревизорски заклучок:**

Од погоре изнесените состојби ревизијата заклучи дека во Законот за рибарство и аквакултура предвидени се мерки и активности кои треба да се преземат од страна на надлежните органи кога одредени води се даваат на концесија, или поради разни причини одредени води не се дадени на концесија, не секогаш имаме ефикасна примена на предвидените законски решенија поради: склучување на анекс кон основниот договор без исполнување на условите предвидени со законот, спроведување на постапка за доделување на концесија со задоцнување, невоспоставување на рибочуварска служба од страна на концесионерите и нецелосно вршење на инспекциски надзор од страна на ДИЗ кај концесионерите.

**Препораки**

Со цел да даде свој придонес со ревизијата на успешност од аспект на можности за обезбедување услови за подобрување на заштита, користење, управување и планска експлоатација до одржлив развој на рибниот фонд по пат на концесија, ревизијата ги дава следните препораки во следните области:

**Структура на политики и начин на примена на законската регулатива поврзана со доделување концесии во рибарството;**

- Одговорните лица во МЗШВ во соработка со Владата на РМ, доделувањето на договорите за концесија и евентуалната потреба од склучување на анекс кон договорите да го вршат на начин и постапка како што се склучени основните договори, согласно законската регулатива.

- Одговорните лица во МЗШВ во соработка со одговорните лица во ДИЗ, да превземат мерки и активоси за следење на состојбата со објектот Дաљан-Струга, односно во случај истиот во иднина да не е даден под концесија или се откаже концесијата да се превземат конкретни мерки и активности за заштита на јагулата од нелегален риболов.

- Одговорните лица и надлежните органи при доделувањето на договорите за концесија, да ги имаат во предвид условите и обвските предвидени во договорите кои се согласно законската регулатива.

**Договори за концесија на рибниот фонд за стопански, спортски и рекреативен риболов**

При вршење на инспекциски надзор над работата на концесионерите од страна на овластените лица на ДИЗ да се има во предвид следното:

- При неисполнување на обврските од договорот за концесија кои повлекуваат мерка раскинување на договорот, освен раскинувањето на договорот да се преземат и соодветни санкции за концесионерот согласно законската регулатива.

- Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, се утврдат неправилности кои немаат влијание на раскинување на договор, да се преземат мерки за нивно отстранување.

**Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Ревизијата смета за неопходно да истакне следното:

3. Природните езера во РМ (Охридско Езеро; Преспанско Езеро и Дојранско Езеро) се риболовни подрачја кои опфаќаат 83%[3] од риболовните води на РМ. Од таму произлегува и значењето на овие води за извршување на стопански и рекреативен риболов. Меѓутоа во изминатиот период поради несоодветно стопанисување со рибниот фонд во езерата истите повеќе пати се давани на концесија и истата е одземана, поради што се јавува долг период на немаење на концесионер на езерата. Од извршениот увид во документацијата е констатирано следното:

- Охридското Езеро е без концесионер од 2004 година, а концесија е доделена во текот на 2012 година. Имено, со Одлука од 29.06.1999 година, донесена од Владата на РМ, рибниот фонд од риболовното подрачје Охридско Езеро е даден на концесија за период од 1999 до 2004 година. Со Одлука од 23.03.2004 година се одзема користење -концесијата на рибниот фонд од риболовното подрачје Охридско Езеро од страна на Владата на РМ, поради неплаќање на надоместок.
  По одземањето на концесијата, Владата на РМ на 22.05.2004 година објавува Конкурс за давање на користење – концесија на риболовното подрачје Охридско Езеро. Од страна на МЗШВ до Владата на РМ доставен е предлог за определување на концесионер и истиот е прифатен од Комисијата за економски систем одржана на 29.10.2004 година.
  На 03.11.2004 година, ЈНУ Хидробиолошки завод од Охрид доставила Информација во однос на доделување на концесија за рибниот фонд од

[3] Овој податок е содржен со Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 2013-2024

Охридското Езеро до МЗШВ. Во Информацијата е нагласена алармантната состојба по однос на загрозеноста на рибниот фонд и тоа пред се на пастрмката и белвицата (кои се и главна особеност на езерото). Трите овластени установи: ЈНУ Хидробиолошкиот завод – Охрид, ЈНУ Институт за сточарство – Скопје и Земјоделскиот факултет – Скопје, заклучиле дека заштитата, унапредувањето и искористувањето на рибниот фонд од ова езеро не смее повеќе да се спроведува по дотогашниот начин на доделување концесии. Врз основа на оваа констатација во текот на 2005 и 2006 година неколку пати за одреден временски период се донесувани наредби за забрана на стопански и спортски риболов на Охридското Езеро.

Владата на РМ на седницата одржана на ден 21.03.2007 година донела Заклучок "Рибниот фонд од риболовното подрачје Охридско Езеро да не се доделува на концесија до влегување во сила на Законот за рибарство и аквакултура".

- Преспанското Езеро е без концесионер од 2008 година и до денот на ревизијата се уште не е доделено на концесија. Истото со Одлука за давање на користење - концесија на рибниот фонд од риболовното подрачје Преспанско Езеро е дадено на концесија на 13.10.2003 година, а на 20.01. 2008 година со Одлука за одземање на користење – концесија на рибниот фонд од риболовното подрачје Преспанско Езеро концесијата е одземена поради не спроведување на мерките предвидени со петгодишниот план и Годишната програма за унапредување, заштита и користење на рибниот фонд.

- Дојранското Езеро е без концесионер од 2007 година, а концесија е доделена при крајот на 2012 година. Имено, со Одлука за давање на користење на рибниот фонд од риболовното подрачје Дојранско Езеро од 06.10.2005 година истото е доделено на концесија, а со Одлука за одземање на користење-концесија на рибниот фонд од риболовното подрачје Дојранско Езеро од 26.12.2007 година, концесијата е одземена поради не спроведување на мерките предвидени со петгодишниот план и Годишната програма за унапредување, заштита и користење на рибниот фонд. Со Наредба од 15.01.2008 година, министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство наредува тотална забрана за риболов на сите видови риби на риболовното подрачје Дојранско езеро, заради заштита на рибниот фонд.

Со донесување на Законот за рибарство и аквакултура во важност од 24.01.2008 година неколку пати за риболовните подрачја се објавувани јавни конкурси и истите се прекинати, и тоа:

- Одлуки за распишување јавен конкурс за давање концесија за стопански и рекреативен риболов на риболовните подрачја Охридско Езеро, Дојранско Езеро, Преспанско Езеро, од 02.12.2008 година.

- Одлуки за прекинување на постапката за давање концесија за стопански и рекреативен риболов на риболовните подрачја и рекреативните зони на Охридско Езеро, Дојранско Езеро и Преспанско Езеро од 06.03.2009 година.

- Одлуки за распишување на јавен конкурс постапката за давање концесија за стопански и рекреативен риболов на риболовните подрачја и рекреативните зони на Дојранско Езеро и Преспанско Езеро од 21.07.2009 година.

- Одлуки за прекин на постапката за давање концесија за стопански и рекреативен риболов на риболовните подрачја и рекреативните зони на Дојранско Езеро и Преспанско Езеро од 14.05.2010 година.

Од донесените одлуки за давање, одземање и прекин на постапката на концесиите на езерата се заклучува дека риболовните подрачја во РМ се повеќе години без концесионер, а со тоа е оневозможена физичка и еколошка заштита на рибниот фонд во езерата.

Законот за рибарство и аквакултура предвидува дека во риболовните води кои не се доделени на концесија се забранува вршење на риболов. До доделување на концесија за риболов во риболовните води, заштитата на рибите во риболовните води ќе ја врши МЗШВ. Физичката и еколошката заштита на рибите во риболовните води ја вршат концесионерите на рибите преку рибочуварите. Без доделена концесија на рибите за вршење на стопански и организирање на рекреативен риболов на риболовните води не може да се организира физичка заштита на рибите преку обучена рибочуварска служба, што има за последица појава на случаи на нерегулиран и неплански риболов, риболов со недозволени средства во време на ловостој и во време на мрестење на рибата, а сето тоа влијае на рибниот фонд во риболовните подрачја. Освен тоа, со немањето на концесионер, нема прилив на финансиски средства во Буџетот на Република Македонија по однос на надоместокот за концесија.

Законското решение за забрана на риболов кога не се доделени концесии и обврската за заштитата на рибите во риболовните води до доделувањље на концесија да ја врши МЗШВ, без пропишување на конкретни мерки за заштита во време на забрана на лов, како и оптимални кадровски и технички можности, има за последица недоволна заштита на рибниот фонд во време на забрана за риболов, а со тоа и намалување на рибниот фонд во езерата. За надминување на ваквата состојба, ревизијата препорачува во Законот за рибарство и аквакултура конкретно да се предвидат мерки, активности и начин на заштита на рибниот фонд во време на забрана на риболов.

4. Во Закон за рибарство, ( “Сл. весник на РМ” број 62/93), Охридското Езеро како риболовно подрачје е утврдено заедно со изворите кај Свети Наум, каналот “Студенчишта” од Билјанини извори до влезот во Езерото и реката Црн Дрим од истекот на Езерото во Даљанот во Струга. За Даљанот во Струга и можноста истиот да се даде посебно на концесија, не е предвидена можност во Законот за рибарство како што е предвидено во Законот за рибарство и аквакултура. (Констатираните неправилности при давање на Даљанот на концесија со стапување на сила на Законот за рибарство и аквакултура се опишани во точка 1.2. од овој Извештај. Од таа причина до стапување на сила на новиот Закон за рибарство и аквакултура од 23.01.2008 година, Даљанот во Струга не бил даван на концесија, односно со давањето и земањето на коцесија на Охридското Езеро и за Даљанот како дел од Езерото важеле истите одлуки за давање, земање и забрана за ловење. Ревизијата има обврска да истакне дека во услови на недоволно прецизирани мерки и активности во време на забрана на риболов, се создава можност од бесправен лов на јагулата, можност за нејзино намалување во водите на Република Македонија и остварување на материјална корист од правни или физички лица.

5. Согласно одредбите на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура, заради унапредување на рибарството, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владата на РМ донесува годишна програма со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата. За 2009, 2010, 2011 и 2012 година донесени се програми во кои се предвидени мерки за унапредување на рибарството и аквакултуратаза за кои се издвоени парични средства од Буџетот на РМ и тоа:

   - За 2009 година предвидени се парични средства во износ од 25.000 илјади денари;
   - За 2010 година предвидени се парични средства во износ од 64.300илјади денари;
   - За 2011 година предвиденисе средства во износ од 64.500 илјади денари и
   - За 2012 година предвидени се средства во висина на 75.000 илјади денари.

   Во програмите како мерки кои се предвидени и се спроведувани се финансиска подршка за мрест и порибување на риболовните подрачја и риболовни води, заштита и развој на водната флора и фауна, како и техничка помош за унапредување на рибарството.

   Законот за рибарство кој бил на сила до 23.01. 2008 година иако не предвидува донесување на програма за унапредување на рибарството, Владата на РМ го задолжила МЗШВ во рамките на своите програми да издвои средства за извршување на мерки во однос на вештачки мрест и порибување на Охридското Езеро. За таа цел од Програмата за поттикнување на развојот на

земјоделството за извршување на вештачки мрест и порибување на езерото со охридска пастрмка издвоени се 2.500 илјади денари за изведениот мрест во 2004/2005 година и 2.800 илјади денари за изведениот мрест во 2005/2006 година. Во 2007 година за таа цел издвоени се парични средства во износ од 5.200 илјади денари, додека за 2008 година издвоени се парични средства во износ од 5.255 илјадси денари.

Водите на риболовните подрачја Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро, според природните граници дел припаѓаат на Република Македонија, а дел на соседните држави. Во овој извештај ревизијата има обврска да обелодени дека заради целосна заштита на езерата, не се доволни само преземање на мерки од страна на Република Македонија, потребно е да се преземаат мерки и од страна на соседните држави, или преземање на заеднички мерки заради заштита на рибниот фонд на езерата. За таа цел потребно е да се потпишат билатерални договори со соседните држави во кои ќе се прецизираат конкретни мерки, програми, активности и начин на финансирање кои взаемно ќе се преземат со цел унапредување и заштита на рибниот фонд во езерата.